**Известување за концентрација со која Витед Мегакорп Оуј, Хелсинки, Каикукату 4Ц, ќе стекне контрола над Софтвер Сауна д.о.о. Загреб, Република Хрватска**

**(предмет бр. 08-132/2025)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 208/24 и 16/25), на ден 03.09.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која Витед Мегакорп Оуј (Witted Megacorp Oyj), со регистрирано седиште во Финска, 00530 Хелсинки, Каикукату 4Ц, има намера да стекне самостојна контрола над Софтвер Сауна д.о.о. (Software Sauna d.o.o.), со регистрирано седиште на улица Стара Кнежија 20, 10000 Загреб, Република Хрватска.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Витед Мегакорп Оуј** е финско друштво за софтвер основано во 2016 година кое нуди консалтинг за развој на софтвер и реализација на проекти, како и консалтинг за раст и услуги за регрутирање за поддршка на клиентите во однос на нивниот сопствен развој на софтвер.

Витед Мегакорп Оуј вработува 339 IT професионалци. Покрај во Финска, Витед Мегакорп Оуј работи во Норвешка и Шведска и исто така реализира проекти на повеќе различни пазари. Во Финска, Витед Мегакорп Оуј има околу 150 клиенти, кои претежно се големи компании и познати брендови.

Витед Мегакорп Оуј нема регистрирано присуство во Северна Македонија и нема остварено било какви приходи во Северна Македонија во 2024 година.

**Софтвер Сауна д.о.о.** е хрватско друштво за софтвер основано во 2018 година, кое им нуди на своите клиенти услуги за развој на софтвер и податоци и услуги за развој на вештачка интелигенција.

Софтвер Сауна д.о.о. специјализира во изградба на веб-апликации кои истовремено обработуваат голем број на корисници (*high-traffic web applications*) и специјализира во скалирање на распределени инфраструктури (*scaling distributed infrastructures*), за кои често е потребно дополнителни ресурси за да се обезбедат преку аутсорсинг.

Експертизата на Софтвер Сауна д.о.о. се состои во помагање на клучни клиенти во воспоставување, скалирање и ефективно управување со ефикасни тимови кои работат на далечина.

Софтвер Сауна д.о.о. има регистрирано присуство во Република Северна Македонија преку своето зависно друштво во целосна сопственост:

- Друштво производство, трговија и услуги СОФТВЕР САУНА ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на адреса Бул. Кочо Рацин бр.8-Кула/Б15 Скопје – Центар, со ЕМБС 7571186 и регистрирана приоритетна дејност 62.100 – Компјутерско

програмирање.

Македонското зависно друштво на Софтвер Сауна д.о.о. има само странски клиенти и нема, и не планира да има било какви деловни продажби во Северна Македонија. Главниот целен пазар на Софтвер Сауна е Финска и други скандинавски земји.

Подносителот смета дека релевантниот пазар на стоки за пријавената концентрација во Северна Македонија, имајќи ги предвид деловните активности на Целното друштво, би можел да се дефинира како ***пазар за обезбедување на ИТ услуги***.

Што се однесува до географскиот опсег на пазарот на предметната концентрација, за целите на оваа Известување, Подносителот предлага релевантниот географски пазар да се дефинира на ***национално ниво***.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

04.09.2025 година

Скопје